





## Театарска претстава *„Роденден“* по текст на Харолд Пинтер

Костими за театарската претстава "Роденден" по текст на нобеловецот Харолд Пинтер, а во режија на Васил Христов во чија идејна реализација за проекција на костими учествуваа студентите на Технолошко-техничкиот факултет од насоката "Дизајн на текстил и облека" под менторство на проф. д-р Марија Ќертакова







**Театарска претстава *“The Birthday Party“* по текст на Harold Pinter**

**- Англиска психолошка драма –**

Психолошка драма со неконвенционален театарски израз!
Интригантна вивисекција на нерамноправната борба помеѓу „моќните и немоќните“.
Иако за прв пат претставена во далечната 1959 година, покажува дека поединецот се соочува со истите животни предизвици и денес; како општествените девијации делуваат врз психолошкиот развој на човекот и како истиот ги доживува и преживува!
Се работи за сериозна драма, таква која поттикнува на длабоко размислување!





























































efremov
photography







Проф. д-р Марија Ќертакова заедно со студентите
и театарската екипа во работен процес






## "Роденден" - Харолд Пинтер

Харолд Пинтер е великан на современиот театарски израз. Драматург, сценарист, актер, режисер, пацифист и непоколеблив борец за човекови права, тој остава неизбришлива трага во светот на театарот и литературата. Неговите книжевни придонеси направија револуција во театарскиот израз и продолжуваат да инспирираат генерации драмски автори. Неговиот богат творечки опус му ја носи Нобеловата награда за литература во 2005 година. Драмските дела на Пинтер се препознатливи по нивниот енигматичен дијалог, истражување на влијанието на силите на моќта врз индивидуата и отворена критика на општествените и политичките структури. Неговиот единствен стил на пишување во литературата е познат како „пинтеровски дијалог“. Дијалозите на Пинтер, исполнети со репетитивност и тишини, ја засилуваат атмосферата на несигурност која вибрира кај колективот. Тој ја опишува тишината, двосмисленоста и моќта на некажаното. Преку својот минималистички пристап, тој ја открива длабочината на човечките емоции и сложеноста на меѓучовечките односи. Неговата прва целовечерна драма „Роденден“ (1957) и ден денес сѐ уште стои како доказ за неговата непоколеблива посветеност кон истражувањето и откривањето на скриените аспекти и двосмисленоста на човековата природа. Претставата „Роденден“ е метафорично истражување на потрагата по личниот идентитет и губењето на автономијата на единката. Таа е приказна за поединецот кој е заробен во мрежата на угнетувачки надворешни сили. „Роденден“ е пример за Пинтеровата способност да ја разоткрие комплексноста на човековата природа и ерозијата на личноста. Драмата ги истакнува опасностите од конформизмот и дехуманизирачките последици од системскиот притисок врз личноста. Во ова дело, Пинтеровиот уникатен стил на дијалог ја прикажува моќта на јазичната манипулација и процесот на вербална лоботомија. Манипулацијата со зборови станува оружје, бидејќи јазикот се користи за контрола и доминација. На тој начин, Пинтер ги крши рамките на театарскиот традиционализам и ја прикажува кревкоста на човечката комуникација. Хуманизмот, пацифизмот и правдољубието на Пинтер се очигледни во неговиот децениски незапирлив политички активизам и непоколеблива посветеност на разоткривањето на општествените неправди. Наследството на Харолд Пинтер, како литературен титан и храбар активист останува трајна инспирација, потсетувајќи нѐ на моќта на уметноста да поттикне и предизвика подлабоки општествени промени.

**Театарска стручна критика**

**Општа композициска особина на сите ликови и костими:**

Сите ликови потекнуваат од средна социјална средина, имаат „подземен“ субкултурен дух, со елементи типични за битниците, уличните гангстери, неконвенционални персони кои имаат претензии за успех, се толкуваат како успешни, добро облечени и влијателни, а во суштина се ликови кои се прегазени од општеството и секаков реален авторитет.

**Лулу** има налик на деликатна и невина ученичка, таа поседува стил на мало девојче со интересни субкултурни елементи на тинејџерски бунтовник, визионер за својата подобра иднина, но е заробена во сопствената наивност и неискуство, станувајќи жртва на своите „спасители“. Поседува деликатна женственост, кокетност и непретенциозна провокативност.. Ја отсликува невината чистота и внесува сјај во драмата..

**Мег** очигледно е невообичаена жена, природно убава, има посебен шарм и своевидна духовна софистицираност. Поради тешки малолетнички психофизички злоставувања, таа навлегува во сериозна ментална болест, која се одразува на нејзиниот живот, а соодветно и на начинот на облекување, уште повеќе однесување, особено кон спротивниот пол... Таа е исплашено девојче во тело на возрасна жена... Врската што ја негува кон Стенли е впечатлива, опсесивно нарушена, но искрена и необична.

**Пит** има прилично трпелив и толерантен однос кон сопругата, кон нејзината психичка ситуација, таков кој ги трпи последиците од животот со неа, поради што се променува.... Тој е пример за воспоставена рамнотежа помеѓу психичкото растројство на сопругата и кроткоста и трпението со кои тој се одликува, за љубов, грижа, хуманост, обѕир, трпение...

Овој брачен пар со децении не купувал нова облека... оттука нивните костими имаат ретро карактер, со доза на еклектицизам и ефект на износеност. Оваа особина доминира кај сите ликови, бидејќи сите тие немаат средства да бидат облечени по најнова мода, па ја пресоздаваат на свој посебен (и материјално возможен) начин – преку комбинирање на различни парчиња, со што се добива финален изглед на своевидни мангупи, секој уникатен на свој начин, извонредно интересни!

**Голдберг** е човек со проникли ум, лукав и снаодлив! Знае да доминира, кој за разлика од Стенли не поседува вистински таленти, но умешен е да блефира, да импровизира и да се претстави како исклучителен и посебен. Тој е сонцето, светлата точка во драмата, а за да го постигне тоа, тој мора да поседува стил. Ликвидатор, манипулатор со исклучително колоритен карактер! Внимателен и остар, необичен и впечатлив!

**Мек Кен** е поранешен свештеник, кој ја наметнува својата до неодамна сомнителна духовна улога во општеството. Тој е помошник ликвидатор на Голдберг, но за разлика од него, неговиот лик е поскромен, потајно покорен, потчинето наивен, но сериозно интригантен! Тој е поопасен и од Голдберг, поради неговата таинственост, непромисленост, пресметливост, острина. Резултатот е монохромен, но стокмен на моменти аскетски изглед, стилен и опасен со доза на мистерија и одредени сакрални сегменти...

Голдберг и Мек Кен се одраз на сенката на животот, на моќта на деструктивноста, нејзината замаскирана и суптилна сервилност во служба на злото; одраз на слабата страна на човештвото, на гаснење на сета негова вистинска духовна и реална материјална вредност и величење на се што е деструктивно, погубно и душеуништувачко...

**Стенли** е приказна сама по себе, интровертен лик, природно надарен и многу талентиран, некогашен исклучителен уметник, кој преку ноќ се претвора во уништен човек, во социјален отпад. Ова се должи на неговиот колеблив карактер, кревка самодоверба, прекумерна чувствителност и изразен нагон за самоуништување; тој не е толку слаб колку што дозволува другите да го убедат во тоа, особина која на крајот ќе го зароби и ќе го претвори во растение, во безживотен и уништен човек, плен на неморални и завидливи луѓе кои ќе го чинат живот... Тој е пример дека животот е прашање на избор.

Во заклучок, може да се каже дека секој лик ја доживува својата судбина, пресликувајќи го ликот од сопственото детство..

**Главна режисерска идеја:**
Поставување на сериозна тема – психолошка драма, таква која опфаќа сериозни социјални проблеми – предизвик за современиот човек! Голем акцент е ставен на влијанието на модерното општество врз поединецот и неговите последици, кои се психолошките реперкусии на општеството кое врши притисок врз поединецот... Како што наведува и самиот Пинтер, примарна (и намерна) цел е секој поединец да почувствува одреден внатрешен немир по претставата, да започне да размислува за одредени социјални нарушувања/пореметувања, патологии и личностни симптоматологии...




**Почитувани**

Ве покануваме на премиера на театарската претстава "Роденден" по текст на нобеловецот Харолд Пинтер во режија на Васил Христов во чија костимографија учествуваа студентите на Технолошко-техничкиот факултет од насоката "Дизајн на текстил и облека" под менторство на проф. д-р Марија Ќертакова

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

03.06.2023
20:00
Театар Штип





УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА

Татјана Манева

за учество во идејна реализација за проекција на костими во театарската претстава "Роденден" во режија на Васил Христов во организација на Технолошко-технички факултет и Театар-Штип

03.06.2023
ДАТУМ

проф. д-р Ацо Јаневски
ДЕКАН


УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА


УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА

Анастазија Петковска

за учество во идејна реализација за проекција на костими во театарската претстава "Роденден" во режија на Васил Христов во организација на Технолошко-технички факултет и Театар-Штип

03.06.2023
ДАТУМ

проф. д-р Ацо Јаневски
ДЕКАН

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА

Слаѓана Петрова

за учество во идејна реализација за проекција на костими во театарската претстава "Роденден" во режија на Васил Христов во организација на Технолошко-технички факултет и Театар-Штип

03.06.2023
ДАТУМ

проф. д-р Ацо Јаневски
ДЕКАН

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА

Кристијан Ткалчев

за учество во идејна реализација за проекција на костими во театарската претстава "Роденден" во режија на Васил Христов во организација на Технолошко-технички факултет и Театар-Штип

03.06.2023
ДАТУМ

проф. д-р Ацо Јаневски
ДЕКАН

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ

ДОДЕЛУВА

**БЛАГОДАРНИЦА**

НА

Тамара Манева

за учество во идејна реализација за проекција на костими во театарската претстава "Роденден" во режија на Васил Христов во организација на Технолошко-технички факултет и Театар-Штип

03.06.2023
ДАТУМ

проф. д-р Ацо Јаневски
ДЕКАН